АМБАСАДАТА НА СЦГ СЕ ОТВОРИ ЗА УМЕТНИЦИ

# Први гости Чемерски, Андреевски и Масин

Глигор Чемерски, Сергеј Андреевски и Мирослав Масин, синоќа во Амбасадата на Србија и Црна Гора се претставија со по петнаесетина дела, за што беа отстапени дури и работните простории на амбасадорот Зоран Поповиќ. Со оваа обемна постановка почнува циклусот на презентации, со кои ќе се овозможи претставување на ликовните дела на најафирмираните македонски уметници, како и автори од СЦГ. Просторот ќе се отстапува и за млади и талентирани ликовни уметници. Првите тројца сликари се избор на домаќините.

Глигор Чемерски е еден од најистакнатите македонски ликовни творци. Од 1962 година излагал на над 50 самостојни изложби во Скопје, Белград, Загреб, Софија, Истанбул, Грац, Барселона... За своето сликарско творештво добитник е на голем број на домашни и меѓународни признанија.

Сергеј Андреевски, дипломирајќи како најдобар студент на втората генерација од Одделот за сликарство при ФЛУ, досега имал 50 самостојни изложби и околу 400 групни. Неодамна негови графики и цртежи беа преставени во познатата галерија во Питсборо, САД.

Мирослав Масин, од 1987 година работи на проектот Мајмун-човек-мајмун. Преку циклусите Семејство, Љубов и Трансформации, тој суштеството на природата го трансформира во суштество на културата и обратно. **(А.Ј.)**




*Дело на Чемерски*